РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-113/2
07. 06. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 8 седница одржана на 29.03.2012 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 20.06.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 136 | 3 | / |

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на Елаборат за организирање нова студиска програма од првиот циклус универзитетски студии по Бизнис и економија на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма од првиот циклус универзитетски студии **по Бизнис и економија на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за првиот циклус универзитетски студии, во траење од три години ( шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со научниот степен: **Дипломиран по бизнис и економија, насока Маркетинг, Финансии и Бизнис менаџмент:** научно-истражувачко подрачје: 5. Општествени науки, Научно истражувачко поле: 503 Економски науки, Научна област: 50325 Маркетинг, 50326 Финансии, 50603 Бизнис менаџмент, 50300, Економска теорија. 5.00

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за бизнис и економија на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на наставно научниот совет за давање согласност за организирање на прв циклус универзитетски студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми по Бизнис и економија од Сенатот на Унивезитетот на Југоисточна Европа во Тетово, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.14-113/1 од 08.02.2012 година до Одборот за акредитација

евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на новата студиска програма од првиот циклус.

Одборот за акредитација на 6. седница одржана на 31.01.2012 горина, формира експертска комисија и на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**